Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси

Departamenti i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore
Sektori i çështjeve juridike dhe menaxhimit me burimet njerëzore

17.06.2022

**Архивски број**: 04-291/1

Врз основа на член 32 став 1 алинеја 12 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев (,,Службен весник на РМ'' број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), член 22 и 23 од Законот за работните односи – Пречистен текст (,,Службен весник на РМ'' бр. 167/2015, 27/2016, 134/2016, 120/2018 и ,,Службен весник на РСМ'' број 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021), во врска со чл 14, чл 22 став 1, алинеја 2, став 3, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на РСМ број 143/2019, 14/2020) и Известување за обезбедена финансиска согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија бр. 18-4247/2 од 13.06.2022 година, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2022

за вработување на 1 (еден) извршител на определено работно време до крајот на тековна фискална година (2022)

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" објавува оглас за вработување на 1 (еден) извршител на определено време до крајот на тековната фискална година (2022), на следново работно место:

### I) Хигиеничар

Кандидатот за работно место треба да ги исполнува следните услови:
- завршено основно образование;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да има минимум 2 години работно искуство.

**Работни часови во неделата**: 40 часови неделно.
**Работно време**: од понеделник до петок од 08:00 до 16:00 часот.
**Основна нето плата**: 18. 000,00

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги доставaт потребните документи за исполнување на потребните услови:

- доказ за завршено основно образование;
- изјава за активно познавање на македонскиот јазик;
- потврда за работно искуство.


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време со времетраење до крајот на тековната фискална година (2022).

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Академијата за судии и јавни обвинители или по пошта, на следната адреса:

**Академија за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија**
**Булевар Јане Сандански број 12, 1000 Скопје**
**Архива на Академијата**
**(со назнака „за оглас за вработување бр 1/2022 година")**
**Контакт број 02/2401 560**

Изборот ќе биде извршен најдоцна во рок од 7 дена сметано од денот на завршувањето на рокот за поднесување на пријавите.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Академија за судии и јавни обвинители
Директор
Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk